Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-221/1
17.02.2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-620/1 од 19.09.2024 година поднесена од во име на од Скопје, со адреса на живеење на ул. во Скопје, против вработени во за сторено вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа член 27 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното

## **М И С Л Е Њ Е**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз од Скопје сторено од страна на вработени во врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во областа на работата и работните односи

## **О б р а з л о ж е н и е**

На ден 19.09.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму **„Комисијата"**) беше поднесена претставка заведена под архивски број 08-620/1 од страна на во име на од Скопје, против вработени во (во понатамошниот текст: , односно против лицата , за сторено вознемирување врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во областа на работата и работните односи.

Имено, во претставката се наведува дека лицето бил вработен во како „садомијач" со договор за вработување на определено време. Од причина што не ја криел својата сексуална ориентација често бил исмеван и омаловажуван и чувствувал дека работи во непријателска атмосфера креирана од страна на неговите колеги.



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Подносителот наведува дека неговиот претпоставен, , пред истекот на рокот за кој бил склучен неговиот Договор за вработување, по телефонски пат го известил подносителот дека договорот нема да му биде продолжен, а на прашање зошто е тоа така претпоставениот со погрдни зборови дал образложение поврзано со неговата сексуална ориентација. Дополнително, се наведува дека и од страна на другите именувани вработени често му биле упатувани погрдни зборови поврзани со неговата сексуална ориентација и му биле праќани и покажувани фотографии со цел негово исмевање.

Воедно се наведува дека за време на паузата, на сите вработени им било дозволено да седат во ресторанот, а само на подносителот истото не му било дозволено. Поради сето наведено, однсоно од причина што подносителот се чувствувал вознемирено и исплашено, се обратил кај психолог за што во прилог на претставката за заштита од дискриминација е доставен медицински извештај.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, во согласност со член 24 став (7) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 17.10.2024 година испрати Барања за произнесување по наводите во претставката до генералниот директор на , г-а и до вработените против кои е поднесена претставката, и тоа

На 08.11.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено Произнесување по наводите во претставка заведено под број 08-620/10 од страна на адвокат од Скопје, како полномошник на

Кон произнесувањето приложени се нотарски заверени Изјави од именуваните лица, вработени во друштвото против кои е поднесена претставката.

Во произнесувањето се посочува дека наводите изнесени во претставката во целост се неосновани, а како потврда на фактот дека подносителот на претставката бил прифатен од страна на тимот се изјавите на вработени кон кои не е насочена претставката, конкретно вработена како “салатер” и , вработен како “пица мајстор”. Воедно, според полномошникот на потенцијалниот дискриминатор, истото можело да се утврди и од изјавите на лицата против кои е насочена претставката. Конкретно, се посочува дека од содржината на ијавата на се утврдува дека тој преку порака го ивестил подносителот на претставката дека по истекот на рокот за кој бил склучен неговиот Договор за вработување, истиот немало да му биде продолжен по што следел телефонски разговор иницииран од во кој на учтив начин ги појаснил причините за непродолжување на договорот, вклучително и фактот дека за кој било од вработените не било прифатливо во периодот на работното време кога секој ги извршува работните задачи наместо да работи, да седи во ресторанот со пријатели, роднини или други лица без да го извести

одговорното лице дека не е присутен на работното место. Воедно, се наведува дека му ги појаснил и другите пропусти во неговото работење особено што ; дозволил негов пријател да го посети во делот пред кујната, што пак било забрането во било кој ресторан со оглед да не е дозволен пристап на лица кои не се вработени во дел во кој се подготвува храна. Се посочува дека во неколку наврати усно и писмено бил опоменуван дека не ги извршува работните задачи, но и покрај ова тој не го поправил своето однесување. Следствено се наведува дека во конкретниот случај непродолжувањето на договорот за вработување не било поради сексуалната ориентација на подносителот, што би претставувало дискриминација врз овој основ, туку поради неисполнување на работните обврски од негова страна.

Понатаму во произнесувањето се наведува дека од изјавата на можело да се утврди дека за времетраење на неговиот работен однос не доставил до него како негов непосредно претпоставен било каква поплака, жалба или пријава за било какво несоодветно однесување или дискриминација врз било која основа од страна на било кој од вработените, туку напротив во повеќе наврати изјавувал дека го сакал тимот со кој работел, дека му се допаѓала атмосферата и дека сите биле како семејство. Се посочува дека од истата изјава Комисијата може да утврди дека бил оној кој по непродолжувањето на договорот кој бил склучен на определено време, несоодветно се однесувал кон останатите вработени на начин што со пораки и повици од повеќе различни броеви ги вознемирувал и им се заканувал на другите вработени.

Во произнесувањето се наведува дека од изјавата на Комисијата можела да утврди дека не само што вработените не го дискриминирале подносителот на претставката туку дека токму тој во одредени моменти несоодветно се однесувал на начин што се обидувал својата определба да им ја наметне на останатите колеги, а воедно покажувал и одредени афинитети кон на начин што иницирал контакти надвор од работното време, го контактирал именуваниот и му давал подароци иако тој јасно ја посочил својата определба и побарал подносителот да го почитува неговото семејство. Се констатира дека поднесената претставка не се должела на претрпена дискриминација туку на незадоволството на подносителот од непродолжувањето на неговиот договор за вработување и веројатно заради невозвратени симпатии од страна на . Ова според наводите можело да се констатира и од изјавите дадени од страна на

Предвид изнесеното, наводите содржани во претставката потенцијалниот дискриминатор ги смета во целост неосновани и непоткрепени со докази, дополнително да имајќи предвид дека и самиот потврдува дека не ја крие својата сексуална ориентација, а од првичното вработување на определено време неговиот работен однос неколку пати бил продолжуван, неспорно било дека неговата сексуална ориентација во ниту еден случај не била причина работодавачот да одлучи по истекот на рокот за кој бил склучен договорот за вработување, истиот да не го продолжи, а од причина што не се придржувал до прописите кои важеле за работното

место "садомијач", не ги почитувал насоките и упатствата за одржување на хигиена во кујната како и процедурите за работа.

<u>Во прилог на Произнесувањето доставена е следната документација:</u>

1. Тековна состојба за од Централниот регистар на Република Северна Македонија, бр. од 08.10.2024 година
2. Изјава од , заверена од нотарка , со УЗП бр. од 06.11.2024 година
3. Изјава од , заверена од нотарка , со УЗП бр. од 07.11.2024 година
4. Изјава од , заверена од нотарка , со УЗП бр. од 06.11.2024
5. Изјава од заверена од нотарка , со УЗП бр. од 06.11.2024 година
6. Изјава од заверена од нотарка со УЗП бр. од 06.11.2024 година
7. Изјава од , заверена од нотарка со УЗП бр. од 06.11.2024 година
8. Изјава од , заверена од нотарка со УЗП бр. од 06.11.2024 година
9. Извадок од писмена комуникација преку апликацијата „Viber", помеѓу
10. Извадок од писмена комуникација преку апликацијата „Viber", помеѓу
11. Договор за вработување од 27.09.2023, заведен под бр.
12. Анекс број 1 кон Договор за вработување од 19.10.2023 година, заведен под бр.
13. Договор за вработување од 26.01.2024 година, заведен под бр.
14. Опомена бр. од 01.07.2024 година, од

**По увид во наводите од претставката, произнесувањето по истата и приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:**

Подносителот на преставката, бил вработен како „садомијач" во ресторанот , подружница на , сметано од 27.09.2023 година. Договорот за вработување на определно време му бил продолжен со Анекс број 1 кон Договорот од 19.10.2023 година, а на 06.01. 2024 година склучил нов Догвор за вработување со работодавачот со рок на важење заклучно со 31.07.2024

година. Од страна на работодавачот на подносителот на претставката му била изречена Опомена поради кршење на работниот ред и дисциплина. Конкретно опомената му била изречена поради тоа што не се придржувал кон прописите кои важеле за вршење на работите на работното место "садомијач", тој и покрај дадени насоки и упатства за одржување на хигиената во кујна и процедурите за работа не внимавал на чистотата во кујната и приборот за јадење, на кујнските елементи и кујнската опрема. Се посочува дека одржувањето на чистотата во кујната како и приборот за служење била примарна обврска на вработениот кој работел на работното место" садомијач". Исто така подносителот на претставката за времетраење на неговиот работен однос кај наведениот работодавач во ниту еден наврат не поднел поплака, жалба или пријава за несоодветно однесување од друг вработен кон него, односно за било какво вознемирување на работното место сторено врз него. Од страна на непосредно претпоставениот, ;, бил известен преку порака на апликацијата „Viber" дека Договорот за вработување на определено време, нема да му биде продолжен по истекот на рокот за кој бил склучен.

Имено, во **член 10 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација** го вознемирувањето е дефинирано како: ***„несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика"*** а дополнително според став (2) сексуалното вознемирување ***е „каков било облик на несакано вербално, невербално или физичко постапување од сексуална природа, што има цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика"***.

Во смисла на наведеното, во конкретниот случај Комисијата утврди дека не е сторено вознемирување врз од Скопје врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во областа на работата и работните односи од страна на вработени во

› од страна на лицата !

за со оглед да подносителот како што и самиот наведува во претставката, за времетраење на работниот однос кај наведениот работодавач во ниту еден момент не ја криел својата сексуална ориентација, а договорот за вработување во два наврати му бил продолжуван што по себе води до заклучок дека непродолжувањето на истиот не е резултат на околноста која се однесува на неговата различна сексуална ориентација или родов идентитет. Дотолку повеќе што именуваниот за времетраење на работниот однос не поднел поплака, пријава или жалба дека е жртва на вознемирување на работното место врз одредена дискриминаторска основа, односно негова лична, заштитна карактеристика.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
17.02.2025 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

-
    - За
-
- Архива на КСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk